| Прилог бр. 3 | Предметна програма од прв циклус на студии | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | **Увод во филозофијата** | | | |
| 2. | Код | Ф1/101-3/23 | | | |
| 3. | Студиска програма | Филозофија | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Институт за филозофија | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет) | Прв | | | |
| 6. | Академска година/семестар | прва година/прв семестар | 7. | Број на ЕКТС кредити | 6 |
| 8. | Наставник | проф. д-р Марија Тодоровска | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | Нема | | | |
| 10. | Цели на предметната програма (компетенции): Запознавање со основниот филозофско-категоријален апарат, како и со основните филозофски прашања/проблеми и нивните можни решенија. Запознавање со различните филозофски дисципини, развивање на аналитичко-синтетичкото размислување за метафизички, познавателни, естетички, етички и антрополошки проблеми, запознавање со различни пристапи кон човекот, разгледување на вредносните системи и позицијата на човекот во современиот свет. Оспособување на студентите за следење на наставата по останатите филозофски предмети. | | | | |
| 11. | Содржина на предметната програма: Предмет и цел на филозофијата. Односот на филозофијата и одделните науки. Определување на филозофијата (изворите на филозофијата; одговори на прашањето „филозофија или филозофии?“; дисциплини на филозофијата и предмети на истражување на секоја од нив). Основни проблеми во онтологијата (основните категории и прашања на онтологијата; дефинирање на битието; односот на битие и суштество и видови суштества; супстанција, ствар, твар). Природата на светот (видови на материјализам и видови на идеализам). Основни проблеми на гносеологијата (изворите, можностите и границите на човековото познание). Моралот, етиката, вредностите и нормите (основните етички категории; прашањето за универзалноста на моралот; дефинирање на вредностите; односот на вредностите и нормите и прашањата за постоењето на врвна вредност; проблемот на важење на вредностите). Основни поими во естетиката и неколку теории за уметноста. Човекот и светот (основните прашања на филозофската антропологија; есенцијалистички и неесенцијалистички пристапи кон човекот). Дефиниции за човекот (хомоспецијации). Форми на човековата алиенираност. Човекот и слободата. | | | | |
| 12. | Методи на учење: Индивидуален и групен метод. Следење на предавања; изработка на семинарски работи и есеи; дискусии на семинарските часови, поврзани со одредена семинарска работа или однапред поставен проблем за размислување; приказ на прочитана изворна филозофска литература директно поврзана со материјалот од предметот, или на дела со филозофски релевантна проблематика. | | | | |
| 13. | Вкупен расположлив фонд на време | 180 часа | | | |
| 14. | Распределба на расположивото време | 3+1 | | | |
| 15. | Форми на наставните активности | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 45 часови | |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 15 часови | |
| 16. | Други форми на активности | 16.1 | Проектни задачи | 20 часови | |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | 30 часови | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 16.3 | Домашно учење | 70 часови |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17. | Начин на оценување | | |
| | 17.1 | Тестови | Тест 1: минимум 18 максимум 35 бодови |
| | | | Тест 2: минимум 18 максимум 35 бодови |
| | 17.2 | Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна) | 15 бодови |
| | 17.3 | Активност и учество | 15 бодови |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18. | Критериуми за оценување (бодови / оценка) | до 51 бода | 5 (пет) (F) |
| | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| 19. | Услов за потпис и полагање на завршен испит* | Редовност во наставата и реализација на тековните задолженија | |
| 20. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски јазик | |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | Евалуација и самоевалуација | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1 | Задолжителна литература | | | | |
| | | Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Jaspers, K. | *Uvod u filozofiju* | Naklada Breza, Zagreb | 2012 |
| | | 2. | Fink, E. | *Osnovni fenomeni ljudskog postojanja* | Nolit, Beogard | 1984 |
| | | 3. | Цуцуловски, Љ. | *Марксовата антрополошка критика на капиталот* | Аз-Буки, Скопје | 2008 |
| | 22.2 | Дополнителна литература | | | | |
| | | Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Bošnjak, B. | *Filozofija: Uvod u filozofsko mišljenje i rječnik* | Naprijed, Zagreb | 1989 |
| | | 2. | Фром, Е. | *Бегство од слободата* | Арс Студио, Скопје | 2014 |
| | | 3. | Декарт, Р. | *Метафизички медитации* | Зумпрес, Скопје | 1998 |